# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 15.7.2026 година<br>Скопје<br>Број 8 год. XXI | Претплатата за 2026 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јули, 2026 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.


- Програма за измена и дополнување на Програматата за уредување на градежно земјиште на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ........................................ 1 - 7
- Програма за измена и дополнувања на Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ............................................................... 8 - 21
- Програма за измена и дополнување на Програмата за реконструкција и санација на основните училишта на Општина Центар-Скопје и детски градинки за 2026 година, со Решение за објавување ............. 22 - 27
- Програма за измена и дополнувања на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување . 28 - 30
- Програма за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ............................................................ 31 - 34
- Програма за измена и дополнувања на Програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ............................................................ 35 - 37
- Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ................ 38 - 87
- Одлука за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................ 88 - 96
- Одлука за давање на користење на деловен простор во сопственост на Општина Центар-Скопје на Здружението на пензионери на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .. 97 - 98

- Правилник за реализација на проект „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради", со Решение за објавување ........................................................ 99 – 107

- Правилник за дополнување на Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за социјални услуги и сервис за граѓаните на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............................................... 108 - 109

- Одлука за утврдување Нацрт-детален урбанистички план Градска четврт Ј 05-Барутана, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 110 - 112

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште - ФАО на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште - ФАО на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/3
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21; 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за измена и дополнување на
## програма за уредување на градежно земјиште-ФАО
## на Општина Центар-Скопје за 2026 година

Во оваа Програма се врши измена и дополнување во:

| ФА | Пот ставка | Видови расходи | Планирано | Предложено со репрограмирање |
|---|---|---|---|---|
| **ФА0** | | **Уредување на градежно земјиште (капитални расходи)** | **65.500.000,00** | **90.500.000,00** |
| | **482110** | **Подготвување проекти за изградба на комунална инфраструктура** | **5.000.000,00** | **5.000.000,00** |
| | | Изработка на проектна документација и ревизија на проектна документација:<br>водовод, фекална, атмосферска, топлификациона, ел. приклучок, нн. ел. мрежа, геодетски елаборати, елаборати за геомеханички истражувања на почва, проектна документација за дислокација на инфраструктурни системи и др.<br>(согласно потпишани договори за комунално уредување на градежно земјиште со правни и со физички лица) | Планирано | Планирано |
| | | ул. Новопроектирана 5 (водоводна) | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Новопроектирана 5 | 2026 | 2026 |
| | | пристап (крак) од ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | 2026 | 2026 |
| | | улица 2 - ДУП Централно зеленило река Вардар – Парк 2 | 2026 | 2026 |
| | | ул. Благоја Деспотовски Шовељ | 2026 | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ул. Ленинова - дел од бул.М.Т.Гологанов до бул.М.Х.Јасмин | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 1 - зад Нова Македонија | 2026 | 2026 |
| | | ул. Тетовска (крак) | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 1 - крак на ул. Јордан Мијалков | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 4 - крак на ул. Јордан Мијалков | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 2 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 3 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 5 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Елисие Поповски Марко (пристапна улица) | 2026 | 2026 |
| | | ул.Анте Хаџимитков | 2026 | 2026 |
| | | ул.Пристапна улица - ДУП Дебар Маало 2 | 2026 | 2026 |
| | | ул.Истарска | 2026 | 2026 |
| | | ул.Адолф Циборовски-треска | 2026 | 2026 |
| | | ул.Славејко Арсов 4 | 2026 | 2026 |
| | | ул.Мирче Оровчанец-треска | 2026 | 2026 |
| | | ул.13ти Јули-треска | 2026 | 2026 |
| | | ул.Борка Талевски-треска | 2026 | 2026 |
| | | Новопланирана ул.2,ул.3 и ул.5 сите дел од ул.11ти Октомври | 2026 | 2026 |
| | | ул.Дебарца – пазар Буњаковец | 2026 | 2026 |
| | | кај холидеј ин ул.Кеј 13ти Ноември | 2026 | 2026 |
| | | ул.Костадин Шахов со пасаж | 2026 | 2026 |
| | | Изработка и ревизија на проектна документација на локации по потреба | 2026 | 2026 |
| | **482120** | **Изградба на улици и патишта** | **20.000.000,00** | **20.000.000,00** |
| | | Изградба и дислокација на комунална инфраструктура<br>(улици, патишта, водоводна, фекална, атмосферска, нн. ел. мрежа и др.) од главна мрежа до урбанистичка парцела (согласно потпишани договори за комунално уредување на градежно земјиште со правни и со физички лица) | Планирано | Планирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ул. Новопроектирана 5 | L=140 $m^1$ | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Новопроектирана 5 | L=55 $m^1$ P=270 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | пристап (крак) од ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | L=10 $m^1$ P=75 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Благоја Деспотовски Шовељ | L=148 $m^1$ P=1.000 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Ленинова - дел од бул. М.Т.Гологанов до бул. М.Х.Јасмин | L=150 $m^1$ P=1.800 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 1 - зад Нова Македонија | L=80 $m^1$ P=500 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Антоние Грубишиќ и ул. Отон Жупанчиќ | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Тетовска (крак) | / | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Македонија (ул. Пушкинова) | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 1 - крак на ул. Јордан Мијалков | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 4 - крак на ул. Јордан Мијалков | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 2 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 3 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 5 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | / | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Антон Панов (пристапна улица) | / | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Елисие Поповски Марко (пристапна улица) | / | 2026 | 2026 |
| | | Изградба на пристапен пат помеѓу ул.364 и ул.Самоилова | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Пристапна улица - ДУП Дебар Маало 2 | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Анте Хаџимитков | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Истарска | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Адолф Циборовски-треска | / | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ул.Мирче Оровчанец-треска | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Славејко Арсов 4 | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Мирче Оровчанец-треска | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.13ти Јули-треска | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Борка Талевски-треска | / | 2026 | 2026 |
| | | Новопланирана ул.2,ул.3 и ул.5 сите дел од ул.11ти Октомври | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Дебарца – пазар Буњаковец | / | 2026 | 2026 |
| | | Улици кај холидеј ин:<br>ул.1, ул.2 и ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Костадин Шахов со пасаж | / | 2026 | 2026 |
| | | Изградба на комунална инфраструктура до објекти на локации по потреба | / | 2026 | 2026 |
| | **482130** | **Реконструкција на улици и патишта** | | **15.000.000,00** | **15.000.000,00** |
| | | ул.Светозар Марковиќ | L=170 $m^1$<br>P=1.190 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул.20ти Октомври | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Борка Талевски | / | 2026 | 2026 |
| | | Крак на ул.Наум Наумовски Борче | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Преспанска | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Раде Јовчевски Корчагин | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Маџир Маало | / | 2026 | 2026 |
| | | Локалитет Крњево<br>ул.1(164), ул2.(ул.166), ул.3(ул164) | / | 2026 | 2026 |
| | | - Реконструкција на улици по потреба | / | 2026 | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба на комунална инфраструктура** | | **500.000,00** | **500.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба на комунална инфраструктура | | 2026 | 2026 |
| | **485420** | **Надоместок за одземен имот (експропријација)** | | **25.000.000,00** | **50.000.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Надоместок за одземен имот - експропријација на територија на Општина Центар | | Планирано | Планирано |
| | | ул. Новопланирана 2 крак на ул. Васил Ѓоргов | P=1.026 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул.Славејко Арсов 4 | P=1.010 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | паркинг и пристап до паркинг на ул. Рајко Жинзифов и ул. К.К.Платник | P=50 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 2 - Мало Курило | P=200 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Пристапна улица - ДУП Дебар Маало 2 | P=19 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 1 - крак на ул. Јордан Мијалков | P=320 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 2 - крак на ул. Мирослав Крлежа | P=720 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. 4а - крак на ул. Караорман | P=100 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Периша Савелиќ бр.15 | P=107 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | дел на паркинг зад Дилајла | P=213 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Тетовска (крак) | P=50 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | дел од ул. Банско | P=1.474 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Христо Чернопеев | P=34 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | КП 12217 КО Центар 1 ДУП Пресвета Богородица | P=155 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Елисие Поповски | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Блаже Тодоровски | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Светозар Марковиќ | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Благоја Деспотовски Шовељ | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Ленинова - дел од бул. М.Т.Гологанов до бул. М.Х.Јасмин | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 1 - зад Нова Македонија | / | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Антон Панов (пристапна улица) | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Анте Хаџимитков | / | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Елисие Поповски (пристапна улица) | / | 2026 | 2026 |
| | | КП 2606/3 и КП 2606/2 КО Центар 2 ДУП Градска четврт Ј06 дел локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче 2 | / | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Парк Треска Д1 - објекти на КП согласно детален план | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 2 – помеѓу Рамсторе и НЛБ Банка | / | 2026 | 2026 |
| | | Локалитет Крњево<br>ул.1(164), ул2.(ул.166), ул.3(ул164) | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Славејко Арсов КП2005 | / | 2026 | 2026 |
| | | Пристап до парцела согласно дуп - КП 2443 ул.Христо Чернопеев бр.16 | / | 2026 | 2026 |
| | | Плоштад со фонтана во Холидеј Ин | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Мирче Оровчанец-треска | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.13ти Јули-треска | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Борка Талевски-треска | / | 2026 | 2026 |
| | | Новопланирана ул.2,ул.3 и ул.5 сите дел од ул.11ти Октомври | / | 2026 | 2026 |
| | - | експропријација на локации по потреба | | 2026 | 2026 |

Овие измени и дополнувања на Програмата стапуваат во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ-ФА**

Во оваа Програма ФА-ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални расходи)

Во оваа Програма во ставката 485420 Надомест за одземен имот- експропријација на територија на Општина Центар-Скопје од планираните 25.000.000,00 денари предвидени за реализација се зголемува за 25.000.000,00 денари и изнесува 50.000.000,00 денари во согласност со потребите и предвидениот ребаланс на Буџетот на Општина Центар-Скопје.

Бр. 08-4042/2
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/5
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 15 став 4 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
# за измена и дополнување на
# програмата за комунални дејности
# на Општина Центар-Скопје за 2026 година

Во делот од Програмата се врши измена и дополнување на дел од потпрограмите и тоа:

**ЈН0 - Урбана опрема (капитални расходи)**

| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Планирано** | **Предложено со репрограмирање** |
|---|---|---|---|---|
| | **ЈН0** | **Урбана опрема** | **5.250.000,00** | **8.050.000,00** |
| | **482920** | **Изградба на други објекти** | **5.000.000,00** | **7.800.000,00** |
| | | **Набавка (изградба) на урбана опрема**: клупи, канти, чешми и фонтани, заштитни огради, метални и бетонски столпчиња, паркинг за велосипеди, жардиниери, летниковци, заштитни огради за дрвја, маси со обележани полиња за шах, ламелирани табли за детски и за спортски игралишта, реквизити за детски игралишта, подни заштитни решетки за дрвја, алуминиумски, гусани, PVC, седала од дрвени елементи, гумени подови за детски игралишта, чешми и фонтани и др. | 2026 | 2026 |
| | - | Попис на урбана опрема на територија на Општина Центар | 2026 | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба** | **250.000,00** | **250.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба на урбана опрема | 2026 | 2026 |

## Ј30 - Јавно осветлување

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано | Предложено со репрограмирање |
|---|---|---|---|---|
| | **Ј30** | **Јавно осветлување** | **32.000.000,00** | **33.400.000,00** |
| | **421110** | **Електрична енергија** | **19.000.000,00** | **19.000.000,00** |
| | | Потрошена електрична енергија за улично осветлување и потрошена ел. енергија за Општина Центар | 2026 | 2026 |
| | **424390** | **Одржување на други градби** | **9.000.000,00** | **10.400.000,00** |
| | | Одржување на јавното осветлување на територија на Општина Центар-Скопје | 2026 | 2026 |
| | **426990** | **Новогодишно украсување** | **4.000.000,00** | **4.000.000,00** |
| | | Новогодишно украсување на територија на Општина Центар | 2026 | 2026 |

## Ј40 - Јавна чистота

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано | Предложено со репрограмирање |
|---|---|---|---|---|
| | **Ј40** | **Јавна чистота** | **50.200.000,00** | **53.200.000,00** |
| | **423310** | **Униформи** | **400.000,00** | **400.000,00** |
| | | Набавка на униформи за работниците за одржување на хигиената | 2026 | 2026 |
| | **423320** | **Обувки** | **200.000,00** | **200.000,00** |
| | | Набавка на обувки за работниците за одржување на хигиената | 2026 | 2026 |
| | **423810** | **Ситен инвентар** | **600.000,00** | **600.000,00** |
| | | Рачен и градинарски алат за работниците за одржување на хигиената: алати, лопати, метли, канти за отпадоци, потрошен материјал, четкици за метларките и др. | 2026 | 2026 |
| | **426990** | **Други оперативни расходи** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| | | Депонирање на комунален отпад до депонија | 2026 | 2026 |
| | **464990** | **Други трансфери** | **48.000.000,00** | **51.000.000,00** |
| | | Трансфери до ЈП ПОЦ | 2026 | 2026 |

## Ј70 - Одржување и користење на паркови и на зеленило

| J | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано | Предложено со репрограмирање |
|---|---|---|---|---|
| | **Ј70** | **Одржување и користење на паркови и на зеленило** | **4.600.000,00** | **6.600.000,00** |
| | **424390** | **Одржување на други градби** | **4.000.000,00** | **6.000.000,00** |
| | - | Одржување на парковите, јавните зелени површини и на системите за полевање на територија на Општина Центар-Скопје | 2026 | 2026 |
| | - | Замена на исушените садници и на блоковското зеленило, по потреба | 2026 | 2026 |
| | - | Изработка на стратегија за одржување и развој на целото зелнило | 2026 | 2026 |
| | **425970** | **Консултантски услуги** | **600.000,00** | **600.000,00** |
| | | Консултантски услуги за стратегија за одржување на зеленило | 2026 | 2026 |

## Ј80 - Други комунални услуги

| J | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано | Предложено со репрограмирање |
|---|---|---|---|---|
| | **Ј80** | **Други комунални услуги** | **500.000,00** | **700.000,00** |
| | **424230** | **Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територија на Општина Центар-Скопје** | **500.000,00** | **700.000,00** |
| | | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територија на Општина Центар-Скопје и во основните училишта и во детските градинки | 2026 | 2026 |

## ЈД0 - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

| J | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано | Предложено со репрограмирање |
|---|---|---|---|---|
| | **ЈД0** | **Реконструкција на патишта и улици** | **43.500.000,00** | **43.500.000,00** |
| | **482110** | **Подготвување проекти, вклучително дизајн на улици и патишта** | **3.000.000,00** | **3.000.000,00** |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за водоводна мрежа** | **Планирано** | **Планирано** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | спој на ул. Ацо Караманов со ул. Партение Зографски | L=100,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=170,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=400,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул.Никола Карев | L=110,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за водоводна мрежа | / | 2026 | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за фекална мрежа** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на<br>ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул.Тодор Александров (Салвадор Аљенде) | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=400,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=220,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | L=110,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00м' | 2026 | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Борка Талевски | / | 2026 | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за фекална мрежа по потреба | / | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Проекти и ревизија на проекти за атмосферска мрежа** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на<br>ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Тодор Александров (Салвадор Аљенде) | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=500,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=220,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | L=110,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Периша Савелиќ дел 2 - од ул. Тодор Александров | L=200,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 2 - крак на ул. Мирослав Крлежа | L=112,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Борка Талевски | / | 2026 | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за атмосферска мрежа по потреба | / | 2026 | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за коловоз** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | ул. Димитар Беровски - од ул. Партение Зографски до ул. Црниче | P=1.500 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | P=4.300 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | P=1.250 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | P=980 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | P=600 $m^2$ | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ул. Периша Савелиќ дел 2 - од ул. Тодор Александров | P=1.200 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 2 - крак на ул. Мирослав Крлежа | P=720 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Црниче 1 | P=1.500 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 | 2026 |
| | | ул. Борка Талевски | / | 2026 | 2026 |
| | | Ул.Банско (со О.Кисела Вода меѓуопштинска) | / | 2026 | 2026 |
| | | Ул.Партение Зографски | / | 2026 | 2026 |
| | | Ул.Атанас Каратошо | / | 2026 | 2026 |
| | | Ул.Алберт Швајцер | / | 2026 | 2026 |
| | | Ул.487 Дебар Маало | / | 2026 | 2026 |
| | | Ул.Димитар Беровски | / | 2026 | 2026 |
| | | Ул.Востраничка | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Ленинова (од бул.Партизански Одреди до Градски Парк) | / | 2026 | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за коловоз по потреба | / | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Проекти и ревизија на проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки, архитектонски бариери и огради и партерно уредување** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Проект за партерно уредување на Парк на франкофонијата (парк Опатија) | P=1.500 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Проект за партерно уредување помеѓу ул. Народен фронт и ул. Васил Ѓоргов околу Зебра во Капиштец | P=1.000 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 3 P=1.500 $m^2$ и блок 6 P=1.000 $m^2$ | P=2.500 $m^2$ | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 2 P=1.760 $m^2$ и блок 7 P=1.150 $m^2$ | P=2.910 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 1 P=1.600$m^2$ и блок 8 P=1.150 $m^2$ | P=2.750 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Пешачка патека помеѓу ул. Славејко Арсов и ул. Салвадор Аљенде | P=210 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 4 | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 3 | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 2 | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 1 (зелено пазарче) | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција (санација) на пешачка улица - скали (ул. Загрепска 7 и ул. Караорман) | / | 2026 | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на ул.Мајаковски-детско игралиште | / | 2026 | 2026 |
| | | Преодни јавни површини - зони за социјална интеракција на територија на Општина Центар | / | 2026 | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки, архитектонски бариери и огради и партерно уредување по потреба | / | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Проекти и ревизија на проекти за сообраќајни планови, сообраќајни проекти, проекти за режим на сообраќај и проекти за обележување** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Сообраќајни проекти за траен режим на сообраќај за паркинзи на јавни површини | / | 2026 | 2026 |
| | | Изработка на проекти за смирување на сообраќај на одредени улици и локалитети | / | 2026 | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи за лица со попреченост | | 2026 | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за зони за миленици** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Проекти и ревизија на проекти за зони за миленици | | 2026 | 2026 |
| | | **Геодетски елаборати** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Геодетски елаборати, по потреба | | 2026 | 2026 |
| | | **Хидротехнички услови** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Хидротехнички услови, по потреба | | 2026 | 2026 |
| | | **Елаборат за геомеханички истражувања на површината** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Елаборати за геомеханички истражувања на површината, по потреба | | 2026 | 2026 |
| | | **Проектна документација за дислокација на инфраструктурни системи** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Проектна документација за дислокација на инфраструктурни системи, по потреба | | 2026 | 2026 |
| | | **Проектна документација за изработка на елаборати за заштита на животна средина** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Проектна документација за изработка на елаборати за заштита на животна средина за изградба и реконструкција на сервисни улици | | 2026 | 2026 |
| | **482130** | **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА** | | **40.000.000,00** | **40.000.000,00** |
| | | **Реконструкција на водоводна мрежа** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | ул. Вардарска | L=400,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 | 2025 |
| | | Реконструкција на водоводна мрежа на локации по потреба | / | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Реконструкција на фекална мрежа** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | ул. Вардарска | L=400,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Тодор Александров | L=85,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул. Донбас и дел од ул. Андон Дуков и ул. Алберт Анштајн | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на фекална мрежа на локации по потреба | | 2026 | 2026 |
| | | **Реконструкција на атмосферска мрежа** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Тодор Александров | L=85,00 м' | 2026 | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.171- Крњево | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на атмосферска мрежа на локации по потреба | / | 2026 | 2026 |
| | | **Санација на инфраструктурни системи (водоводна, хидрантска, атмосферска и фекална канализација) на локации, по потреба** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Санација на одводен канал за атмосферска канализација на ул. Страшо Пинџур бр.7 | | 2026 | 2026 |
| | | Поставување-изградба на атмосферска канализација или изградба на одводен канал од ул.Загребска 7 до ул.Караорман | | 2026 | 2026 |
| | | Санација на инфраструктурни системи по потреба | | 2026 | 2026 |
| | | **Реконструкција на коловоз** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | ул. Вардарска | P=4.300 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. 11 Октомври<br>(Пристапна улица кај Билна аптека) | P=1.600 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | P=600 $m^2$ | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ул. Браќа Кошулчеви | P=200 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Киро Гавриловски | P=1.600 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Димитар Беровски | P=1.500 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Периша Савелиќ - дел 2 | P=1.200 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Елисие Поповски (од ул. Водњанска до ул. Антон Панов) | P=528 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Обиколница околу Градски стадион (од х. Парк до Работнички) | P=350 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Христо Смирненски | P=160 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | крак од ул. Караорман | P=450 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул. Црвена Вода - од бул. Партизански одреди до ул. Рузвелтова | P=2.500 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.171 - Крњево | / | 2026 | 2026 |
| | | ул.Ленинова (од бул.Партизански Одреди до Градски Парк) | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција- санација на паркинг кај Мр.Џек | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на коловоз на локации по потреба | / | 2026 | 2026 |
| | | **Реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери и потпорни ѕидови** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Реконструкција на тротоари на ул. Орце Николов - од ул. Рузвелтова до бул. Св. Климент Охрдиски | P=12.000 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Санација на коловоз и колско пешачки патеки на ул. Скопска, ул. 27 Март, ул. Н.Н.Борче и ул. 8. Ударна бригада | P= 6.000 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на тротоари во Дебар Маало на улиците:<br>ул. Коле Неделковски P=104 $m^2$<br>ул. Антоние Грубишиќ P=340 $m^2$<br>ул. Наум Наумовски Борче P=436 $m^2$<br>ул. Дебарца P=220 $m^2$ | P=1.100 $m^2$ | 2026 | 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 3 Р=1.500 $m^2$ и блок 6 Р=1.000 $m^2$ | Р=2.500 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 2 Р=1.760 $m^2$ и блок 7 Р=1.150 $m^2$ | Р=2.910 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 1 Р=1.600 $m^2$ и блок 8 Р=1.150 $m^2$ | Р=2.750 $m^2$ | 2026 | 2026 |
| | | Партерно уредување на блок 9 кај ССМ позади Тинекс | | **Се дополнува** | **Се дополнува** |
| | | Реконструкција (санација) на пешачка улица - скали (ул. Загрепска 7 и ул. Караорман) | / | 2026 | 2026 |
| | | Санација и уредување на пролаз во објект позади собрание-градски ѕид ул.Даме Груев бр.3 влез 5 | / | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на тротоари по потреба по локации | | 2026 | 2026 |
| | | Преодни јавни површини - зони за социјална интеракција на територија на Општина Центар, на различни локации | / | 2026 | 2026 |
| | | Пристапни рампи за лица со попреченост | / | 2026 | 2026 |
| | | **Санација и реконструкција на тротоари, патеки, јавни површини и површини изработени од завршен слој од префабрикувани елементи на локации, по потреба** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Санација на потпорен ѕид на ул.Периша Савелиќ | | 2026 | 2026 |
| | | Ослободување на дрвја (од асфалт, бехатон итн.) | | 2026 | 2026 |
| | | Санација на тротоари по потреба | | | |
| | | **Сообраќајна опрема** | | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Сообраќајна опрема: катадиоптри, вештачки издадености, пешачка ограда и др. | | 2026 | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Сообраќајна сигнализација** | **Планирано** | **Планирано** |
| | | Хоризонтална сообраќајна сигнализација на територија на Општина Центар | 2026 | 2026 |
| | | Вертикална сообраќајна сигнализација на територија на Општина Центар | 2026 | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура** | **500.000,00** | **500.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура | 2026 | 2026 |

Овие измени и дополнувања на Програмата стапуваат во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4042/4
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за реконструкција и санација на основните училишта и детските градинки на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за реконструкција и санација на основните училишта и детските градинки на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/7
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за измена и дополнување на Програмата за реконструкција и санација на основни училишта и детски градинки на Општина Центар-Скопје за 2026 година

Во делот од Програмата се врши измена и дополнување на дел од потпрограмата NA0 и тоа:

- **Потпрограма Образование/Основни Училишта (капитални расходи)**

| N | | ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | Планирано | Предложено со репрограмирање |
|---|---|---|---|---|
| | **NA0** | **ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **20.500.000,00** | **60.400.000,00** |
| | **481210** | **Подготвување на проекти за Основни училишта** | **0,00** | **400.000,00** |
| | | Изработка и ревизија на основни проекти | Се дополнува | Се дополнува |
| | | Изработка на проект за доградба на ООУ Јохан Хајнрих Песталоци | Се дополнува | Се дополнува |
| | **481230** | **Реконструкција на основни училишта** | **20.000.000,00** | **58.500.000,00** |
| | | Санација на интервентни зафати за градежни работи и инфраструктурна мрежа, по потреба, во сите основни училишта и објекти на Општина Центар на територија на Општина Центар | 2026 | 2026 |
| | | Испитување на громобранските инсталации во сите основни училишта на територија на Општина Центар | 2026 | 2026 |
| | | **ООУ „Коле Неделковски"** | | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на предниот и на задниот двор | 2026 | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Санација на оградите во дворот | 2026 | 2026 |
| | | Санација на дел од кровот | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на фискултурната сала | 2026 | 2026 |
| | | Санација на партерот и училишниот двор | 2026 | 2026 |
| | | Санација и реновирање на подрумските простории | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на фасадата на училиштето | 2026 | 2026 |
| | | **ООУ „Ј.Х.Песталоци“** | | |
| | | Замена на фасадната столарија | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на тоалетите во анкесот | 2026 | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2026 | 2026 |
| | | Санација на заштитните огради во дворот | 2026 | 2026 |
| | | Доградба на училиштето | 2026 | 2026 |
| | | **ООУ „Кочо Рацин“** | | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2026 | 2026 |
| | | Санирање на оградата | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на игралиштето | 2026 | 2026 |
| | | Молерофарбарски работи | 2026 | 2026 |
| | | Изградба на потпорен ѕид од задната страна на училиштето | 2026 | 2026 |
| | | Замена на осветлувањето во фискултурната сала | 2026 | 2026 |
| | | Реновирање на училишната кујна | 2026 | 2026 |
| | | Блокатори на сончева енергија на прозорите на сите училници | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на столарија во соблекувалните во фискултурната сала на училиштето | 2026 | 2026 |
| | | Спортска опрема | 2026 | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ООУ „11 Октомври“** | | |
| | | Замена на столарија - врати | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на дел од фекалната канализација во дел од училишниот двор | 2026 | 2026 |
| | | Санација на дел од објектот | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на дел од фекалната мрежа | 2026 | 2026 |
| | | Адаптаија на дел од холот во училишна библиотека | 2026 | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување | 2026 | 2026 |
| | | Замена на вентилите во топлотната подстаница | 2026 | 2026 |
| | | Сервисирање на системот за кошеви во салата | 2026 | 2026 |
| | | Испитување и поправка на громобранската инсталација | 2026 | 2026 |
| | | **ООУ „Св. Кирил и Методиј“** | | |
| | | Санација и реконструкција на дел од објектот | 2026 | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2026 | 2026 |
| | | Реконструкција на атмосферската мрежа во дворот | 2026 | 2026 |
| | | Замена на вратата од службниот влез | 2026 | 2026 |
| | | Замена и монтажа на циркулациона пумпа | 2026 | 2026 |
| | | Вградување и подесување на нови затворачки и регулациони вентили | 2026 | 2026 |
| | | Монтажа на регулатор на притисок за стабилност на системот | 2026 | 2026 |
| | | **ООУ „Димитар Миладинов“** | | |
| | | Санација на дел од фасадата | 2026 | 2026 |
| | | Набавка и монтажа на лифт за лица со посебни потреби | 2026 | 2026 |
| | | Санација на хидрантите и на водоводната мрежа (замена на вентили) | 2026 | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Санација на трпезаријата и кабинетот по ликовно | 2026 | 2026 |
| | | Уредување на задниот дел на дворот и на паркинг-просторот | 2026 | 2026 |
| | | Санација на тоалети и градежно занатски работи | 2026 | 2026 |
| | | Санација на цела кровна површина и молерофарбарски услуги | Се дополнува | Се дополнува |
| | | **ООУ „Гоце Делчев“** | | |
| | - | Поставување сончеви колектори | 2026 | 2026 |
| | - | Санација на Платформата над фискултурната сала | 2026 | 2026 |
| | - | Изработка на настрешница над платформата | 2026 | 2026 |
| | - | Набавка и монтажа на прочистувачи за воздух | 2026 | 2026 |
| | - | Асфалтирање на дел од дворот | 2026 | 2026 |
| | - | Молерофарбарски и градежно занатски работи во 22 училници | 2026 | 2026 |
| | | **ООУ „Киро Глигоров“** | | |
| | | Набавка на чилер за подно ладење | Се дополнува | Се дополнува |
| | - | Изведба на пристапни рампи за лица со попреченост | 2026 | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба** | **500.000,00** | **1.500.000,00** |
| | | Стручен надзор над реконструкцијата и санацијата на основните училишта | 2026 | 2026 |

Во делот од програма се врши измена и дополнување на дел од потпрограмата VA0 и тоа:

- **Потпрограма Детски Градинки (капитални расходи)**

| **V** | | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **Планирано** | **Предложено со репрограмирање** |
|---|---|---|---|---|
| | **VA0** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **3.100.000,00** | **7.700.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **481210** | **Подготвување на проекти за Детски Градинки** | **0,00** | **100.000,00** |
| | | Изработка и ревизија на основни проекти | **Се дополнува** | **Се дополнува** |
| | **481230** | **Реконструкција на ЈУДГ** | **3.000.000,00** | **7.400.000,00** |
| | | Реконструкција и санација на објектите во ЈУДГ по потреба | 2026 | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба** | **100.000,00** | **200.000,00** |
| | | Стручен надзор над реконструкција на објектите на ЈУДГ | 2026 | 2026 |

Овие измени и дополнувања на Програмата влегуваат во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4042/6
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/9
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седница, одржана на 30.6.2026 и 14.7.2026 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Основна цел на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и ефективен систем на социјана заштита што ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците што живеат на територија на Општина Центар-Скопје.

1. Во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштта на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 15/25), општина Центар ќе воведе две нови услуги насочени кон унапредување на инклузивноста и раната интервенција кај децата од предучилишна возраст. Преку поддршка и рамноправно учество на децата со попреченост во воспитно-образовниот процес, додека со воведувањето на логопедска поддршка во градинките ќе се обезбеди навремена стручна помош за децата со говорно-јазични потешкотии и поддршка за нивните семејства. Точка 21 воведување на нови социјални услуги и сервиси за граганите на општина Центар се додава:

Услуга 6:
Поддршка за секое дете - обезбедување лични асистенти во детските градинки;

- Индивидуална поддршка за деца со попреченост и деца со развојни потешкотии за нивно целосно и рамноправно вклучување во воспитно-образовниот процес.

Целна група:
Деца со попреченост и развојни потешкотии кои посетуваат детски градинки;

Родители и семејства на децата корисници на услугата.

Услуга 7:
Логопед во секоја градинка – обезбедување стручно логопедска поддршка; Рана детекција, проценка и третман на говорно-јазични потешкотии, како и советодавна поддршка за родителите и воспитно-згрижувачкиот кадар.

Целна група:
Деца од предучилишна возраст со говорно-јазични потешкотии;
Родители и старатели;
Воспитувачи и стручни служби во детските градинки.

2. Во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштта на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 15/25), се врши дополнување на програмските активности.

Дополнувањата се однесуваат на следново:
32. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАН ГРАДИНКИТЕ ПАРТНЕРИ НА СЕМЕЈСТВОТО

3. Во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштта на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 15/25), во Табелата се вршат измени и дополнувања само во контекст на финансискиот дел, а притоа не се воведува каква било измена м дополнување во содржинскиот дел на Програмата. Измените се однесуваат на следните активности:

| РЕД. БР. | АКТИВНОСТ | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | ПРЕДЛОГ СО ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА |
|---|---|---|---|
| 18. | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ | 3.000.000,00 | 0,00 |
| 21. | ВОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ И СЕРВИСИ ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР | 3.000.000,00 | 5.500.000,00 |
| 32. | ГРАДИНКИТЕ ПАРТНЕРИ НА СЕМЕЈСТВОТО | / | 500.000,00 |
| 3. | ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | 4.000.000,00 | 5.000.000,00 |

4. Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4042/8
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/11
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година

Основна цел на оваа Програма е приближување на културата до сите граѓани, со што ќе им овозможи на сите граѓани на Општина Центар-Скопје рамноправно да учествуваат во културата и во културните случувања како творци и како корисници, како и поттикнување на современото творештво со посебен фокус на културните потреби на младите и повозрасните жители.

1. Во Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 15/2025) се врши измена во распределбата на средствата во проектите со реден број 4.1 „Прослава на животот на Горан Стефановски", 4.5 „Светски ден на уметноста– Центарски улици 4", 4.6 „Центарска симфонија", 4.9 „Нож и виљушка на европска чинија",4.12 Детски фестивал „Детелинка" и 4.13 „Звукот на иднината (We Will Rock You)" заради карактерот на активностите во рамки на проектите.

2. Заради претходно планирани помалку средства се врши финансиско дополнување во проектите со редни броеви 4.2 „Ден на Општината - 3 Ноември", 4.3 „Најдоброто од Центар", 4.8 „Мурали и графити", 4.11 „Вечер под ѕвездите", 4.14 „7/8 Центарски Такт", 4.16 Доделување стипендии на талентирани ученици од областа на културното творештво и 6. Одбележување на настани и личности.

| | **КУЛТУРА** | **Планирани средства** | |
|---|---|---|---|
| **Конто** | **Други трансфери<br>-Културни настани и манифестации** | Планирано во Програмата 25.400.000,00 | Предлог со измени и дополнување 29.100.000,00 |
| **425110** | **Изнајмување на простор за читалници** | 200.000,00 | 200.000,00 |
| **425920** | **Печатарски услуги** | 200.000,00 | 200.000,00 |
| **426990** | **Оперативни расходи** | 3.100.000,00 | 3.100.000,00 |
| **464120** | **Стипендии за поддршка на млади таленти** | 1.000.000,00 | 1.700.000,00 |
**14.07.2026 год.**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Виолета Велковска**

Изработил: Е. Николовски
Контролирал: А.Аларова

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/17
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на членовите 36 и 64 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), како и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
# за утврдување на условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар-Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со оваа Одлука се утврдуваат условите, начинот и постапката на давање на користење на недвижен имот на основните училишта и јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар – Скопје (во понатамошниот текст: установите), начинот на користење на средствата што се остварени по овој основ, како и спроведување на други активности поврзани со издавањето на недвижниот имот на Општина Центар-Скопје (во понатамошниот текст: Општината).

### Член 2

(1) Под недвижен имот, во смисла на член 1 од оваа одлука, се подразбира просторот во објектите и просторот во рамките на градежната парцела на установата (дворно место) кој го користат јавните установи основани и во сопственост на Општина Центар – Скопје, односно основните училишта, детските градинки, установи од областа на културата, како и други установи кои вршат дејност од јавен интерес основани од Општината .

### Член 3

(1) Установите можат просторот од член 2 од оваа Одлука, во зависност од неговата намена, да го даваат под закуп под услови и на начин утврдени со закон и оваа одлука.

# II. УСЛОВИ ЗА ДАВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПОД ЗАКУП

**Член 4**

(1) Просторот од член 2 на оваа одлука може да се дава на користење на правни и на физички лица, за определен временски период, во определени термини (по час) или по метар квадратен (м$^2$).

(2) Просторот од член 2 на оваа одлука не може да се издава во подзакуп.

**Член 5**

(1) Предмет на закуп може да биде:

- просторот кој е во функција на остварување на дејноста на установата: сала (свечена сала, хол), спортска (фискултурна) сала, училница, кабинет, канцеларија, работилница;
- отворени спортски терени, игралишта;
- базени
- дворно место, исклучиво за спортски терени и одржување на културни настани на истите.

**Член 6**

(1) Просторот од член 2 на оваа одлука исклучиво може да се дава на користење само доколку:

- просторот, во времетраењето (терминот) на давањето под закуп не е во функција на остварувањето на дејноста на установата или не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на процесот на остварување на дејноста;
- употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците, вработените и посетителите-корисници на услугите на установата, како и на лицата што ќе го користат закупениот простор;
- намената заради која се дава просторот не доведува до негово оштетување.

(2) По исклучок од став 1 алинеја 3 на овој член, доколку просторот се дава со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истиот е во функција на намената утврдена во член 7 став 1 на Оваа одлука, закупецот е должен да положи депозит за покривање на претпоставената штета што може да биде причинета при користење на просторот.

(3) На просторот кој е предмет на издавање не може да се вршат било какви дејствија со кои ќе се наруши стабилноста на објекот, поставување на рекламни паноа и друга опрема, како и вршење на други активности со кој се менува структурата, изгледот и безбедноста на објектот.

## III. НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ

**Член 7**

(1) Просторот утврден во член 2 на оваа Одлука може да се дава под закуп за следнава намена:

- настава;
- спорт, рекреација и забава;
- културни и други манифестации;
- танц и ора
- услуги за подготовка на топол оброк (училишни кујни) за учениците од наставата со продолжен престој,
- за активности на невладини организации.

(2) Установата е должна да води сметка намената во просторот да не и пречи на дејноста на установата, на околниот простор, како и да бидат исполнети сите законски претпоставки за нејзино вршење и за заштита на животната средина.

**Член 8**

(1) Доколку просторот се користи со опрема и со инвентар што не може физички да се одвои или ако тие се во функција на намената за која просторот се дава на користење (настава, спорт и рекреација, културни и други манифестации), корисникот е должен совесно да го користи просторот што му е даден на користење и да го врати во состојбата во која го добил просторот (и опремата и инвентарот), а за евентуално предизвиканата штета треба да ја надомести штетата во најкраток рок, за што е должен претходно да ја извести установата.

(2) Во случајот од став 1 на овој член, доколку корисникот не ја надомести штетата, истата ќе биде надоместена од депозитот утврден во член 6 став 3 од оваа одлука.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП

**Член 9**

(1) Постапката за давање под закуп започнува со донесување на Одлука за објавување Јавен оглас за давање на користење на просторот која ја носи органот на управување на установата на предлог на Директорот, по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

(2) Просторот се дава под закуп исклучиво со електронско јавно наддавање.

(3) Одлуката за објавување од став 1 на овој член содржи:

- дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се издава под закуп;
- намената за која просторот ќе се дава под закуп;
- начин на давања под закуп (термин или $м^2$);

- времетраење на закупот;
- висина на надоместокот за користење на просторот по м$^2$ или час термин (без ДДВ);

- услов употребата на просторот да не влијае врз безбедноста на учениците, вработените и посетителите-корисници на услугите на установата, како и на лицата што ќе го користат закупениот простор,
- услов дека просторот не може да се издава во подзакуп
- други прашања во врска со давање под закуп.

**Член 10**

(1) Секоја установа која го издава просторот под закуп ги утврдува критериумите што треба да ги содржи огласот за давање на користење на училиштен простор, кои се услов за да се склучи договор.
(2) Установите ги утврдуваат критериумите од став 1 на овој член врз основа на дејноста која ја вршат при што особено ги обезбедуваат правата утврдени со законските прописи.

**Член 11**

(1) Установата го објавува Јавниот оглас за давање на просторот по добивање на согласноста од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.
(2) Постапката за давање под закуп ја спроведува Комисија за спроведување на постапката за давање на користење на простор од член 2 на оваа Одлука (во понатамошниот текст: Комисија) која ја формира Директорот на установата со Решение.
(2) Комисијата од став 1 на овој член се состои од Претседател и два члена и нивни заменици од кои еден претставник задолжително е од редот на вработените во Општина Центар-Скопје.

## V. ЗАКУПНИНА

**Член 12**

(1) Висината на почетната цена на закупнината на просторот што се дава во закуп со јавно наддавање изнесува 0.5% по м$^2$ од проценетата вредност на недвижната ствар.
(2) Вредноста на недвижната ствар од ставот (1) на овој член ја определува овластен проценител, согласно со Законот за процена.

**Член 13**

(1) Средствата од закупнината закупецот ќе ги уплатува на сметка на установата и истите ќе се користат согласно член 15 на оваа одлука.

(2) Трошоците за тековно одржување на просторот предмет на закуп и на заедничките простории во објектот не влегуваат во цената на закупнината, односно истите се обврска на закупецот.

## VI. ДОГОВОР ЗА ЗАКУП

### Член 14

(1) За давање на просторот под закуп установата и најповолниот понудувач склучуваат писмен договор со кој што се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.
(2) Договорот за закуп особено содржи:
-страни на договорот;
-намената за која просторот се дава ;
-времетраење на закупот;
-висина на закупнината и начинот на плаќање;
-права и обврски на договорните страни;
-обезбедување на побарувањата од договорот;
-услови за раскинување на договорот;
- обврски за обезбедување на хигиена во и околу просторот, како и заштита на животната средина;
-други прашања од значење за реализација на договорот.
(3) Договорот влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете страни и истиот се доставува кај нотар заради солемнизација.

## VII. НАМЕНА НА ОСТВАРЕНИОТ НАДОМЕСТОК

### Член 15

(1) Средствата од закупнината се користат наменски и се распределуваат за следните намени:

- подобрување на условите за дејноста на установата;
- финансирање на проекти за унапредување и модернизација на дејноста на установата;
- набавка на опрема и материјали;
- тековно или инвестиционо одржување и надоместување на трошоците за електрична енергија, греење, телефон, интернет и друго, согласно потребите на установите.

(2) Надлежните сектори од администрацијата на Општина Центар – Скопје и установите утврдуваат приоритети за користење на средствата остварени од закупнина, за секоја установа одделно.
(3) Висината на средствата и начинот на нивното користење посебно се изразуваат во годишните извештаи на установите.

## VIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАКУПОТ

### Член 16

(1) Договорот за давање на користење училиштен простор се склучува за период од 1 (една) година.
(2) По исклучок од став 1 на овој член, доколку користењето на простор е поврзано со вложување од страна на најповолниот понудувач, договорот за закуп може да се склучи и за подолг временски период, но не на повеќе од 5 години и тоа:

| **за вложувања до:<br>(во денарска противредност)** | **времетраење на договорот:** |
|---|---|
| 3.000 € | 2 години |
| 5.000 € | 3 години |
| 10.000 € | 4 години |
| над 10.000 € | 5 години |

(3) Под вложувања од став (2) на овој член се подразбира вложувања во адаптација, преуредување или доопремување на просторот коишто закупецот ќе ги направи, врз основа на претходна согласност на закуподавачот, доколку истите се во функција на непречено вршење на неговата основна дејност заради што просторот е изнајмен.
(4) Во случај на дополнителни вложувања, обемот на вкложувањата и износот е предмет на уредување во Договорот од член 14.
(5) Во случај на дополнителни вложувања, закуподавачот треба да обезбеди потврда за вложувањата врз основа на проценка од стручни лица, во согласност со Закон.
(6) Адаптацијата, преуредувањето или доопремувањето на просторот закупецот ќе ги изврши исклучиво во свое име и за своја сметка ангажирајќи изведувач по свој избор.
(7) Вложувањата утврдени во овој член не може да бидат предмет на компензација со закупнината по ниеден основ.

## IX. ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ЗАКУП ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ НА УСТАНОВИТЕ

### а) Користење на училишни кујни

### Член 17

(1) Училишните кујни во основните училишта се даваат под закуп согласно одредбите за давање под закуп утврдени во оваа Одлука.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, училишните кујни се даваат под закуп без спроведување на постапката за закуп утврдена во оваа Одлука, доколку Општината во постапка по јавна набавка за избор на оператор за храна донесе одлука за избор на еден оператор кој ќе обезбедува храна за сите основни училишта.
(3) Во случај од став 2 на овој член, закупнината на училишните кујни што се дава во закуп изнесува 0.5% по м$^2$ од проценетата вредност на училишните кујни.
(4) Вредноста на недвижната ствар од ставот (3) на овој член ја определува овластен проценител, согласно со Законот за процена.

**б) времено користење без надомест**

**Член 18**

(1) По исклучок на одредбите на оваа Одлука, Општината може да дозволи времено користење просторот во установите, без надоместок на барање на правно лице кое ќе го користи просторот за активности од исклучително значење за културниот и традиционален карактер за Општина Центар-Скопје и воопшто за Република Северна Македонија.
(2) Во случаите од став 1 на овој член одлучува Советот на Општина Центар со Одлука во која се утврдува користењето на просторот за определен временски период без надомест, во определени термини (по час) или по метар квадратен (м$^2$), за што се склучува Договор од страна на Директорот на установата.

## X. НАДЗОР

**Член 19**

(1) Надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за јавни дејности.
(2) Надзор над реализација на склучените договори согласно оваа Одлука врши Директорот на Јавната установа која го склучила договорот.
(3) При вршењето надзор врз спроведувањето на оваа Одлука, Секторот утврден во став 1 на овој член е должен да внимава на сите случаи на директна и индиректна дискриминација во смисла на законите со кои се регулира дејноста од јавен интерес кои ја вршат установите, при што за нив задолжително го информира Градоначалникот.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

(1) Договорите кои се склучени во постапките за давање во закуп на недвижни ствари согласно одлуката по која се склучени, до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, остануваат во правна сила и ќе продолжат до завршување на рокот за кои се склучени.

(2) Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење на училиштен простор и спроведување други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ број 5/22).

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4042/16
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на користење на деловен простор во сопственост на Општина Центар-Скопје на Здружението на пензионери на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање на користење на деловен простор во сопственост на Општина Центар-Скопје на Здружението на пензионери на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/19
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на користење на деловен**
**простор во сопственост на Општина Центар-Скопје**
**на Здружението на пензионери на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Советот на Општина Центар-Скопје дава согласност еден дел од деловниот простор на приземје на улица „Бигла“ број 2, влез 001, месна заедница во сопственост на Општина Центар-Скопје, да му се даде на користење на Здружението на пензионери на Општина Центар-Скопје за период од една година, без надоместок.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за времено користење со Здружението на пензионери на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Здружението на пензионери на Општина Центар-Скопје.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4042/18
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за реализација на проект „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради"**

Се објавува Правилникот за реализација на проект „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради",

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/21
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) и Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година, Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седницата одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за реализација на проект „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради"

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за реализацијата на проектот „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради" утврден во Програмата за комунални дејности на Општина ЦЕНТАР – Скопје на постојни станбени згради на територијата на Општина ЦЕНТАР – Скопје преку објавување на Јавен повик.

(2) Реконструкцијата на фасади опфаќа обновување на постојната фасада со нова термичка (енергетски ефикасна) фасадна обвивка, односно фасаден систем, на постојни колективни станбени згради.

(3) За спроведување на постапката утврдена со овој Правилник, Градоначалникот со решение формира Комисија од вработените во општинската администрација (во натамошниот текст: Комисија) за спроведување на постапката за субвенционирање на заедниците на сопственици на посебни делови од Општина Центар-Скопје за потребите за реконструкција на фасади.

(4) Финансиската поддршка за реконструкција на фасадата изнесува 50% од вкупниот износ на вредноста на енергетски ефикасната фасада на станбената зграда за колективно домување, но не повеќе од 1.500.000,00 денари за секоја одобрена пријава, поднесена од заедница на сопственици или управител на станбена зграда.

(5) Сопствениците на посебни делови треба да ги обезбедат преостанатите средства во висина од 50% од вкупниот износ на вредноста за реконструкција на фасадата.

(6) Јавниот повик се реализира по принципот „прв дојден, прв услужен".

## 2. ПОСТАПКА, НАЧИН, УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 2

(1) Право на учество на Јавниот повик имаат заедниците на сопственици на станови во колективни станбени згради од подрачјето на Општина ЦЕНТАР – Скопје кои ги исполнуваат следните општи услови:

- Зградата да е постара од 25 години, потврдено со: УВЕРЕНИЕ за историски преглед на извршените запишувања во КН, ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ за технички прием потпишан и заверен од овластено лице или ИЗЈАВА за старост на станбената зграда од подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици) заверена на нотар;
- Сопствениците на станови да имаат регистрирано заедница на сопственици или да имаат склучено договор за вршење управувачки услуги за станбената зграда;
- На зградата да нема протекување од кровниот покривач;
- На зградата да не се вршат градежни активности во текот на процесот на аплицирање (на надворешната површина, носивната конструкција и друго);
- Сопствениците на станови да одобруваат анкетирање, енергетски контроли и промотивни активности на нивната зграда;
- Најмалку 70% од сопствениците на станови сами да ги замениле или ќе ги заменат индивидуалните балконски врати и прозорци, до моментот на започнување на работите за реконструкција;
- Заедницата на сопственици да има извршено замена или ќе ги заменат прозорците и надворешните врати од заедничките простории (скалишни јадра, подрумски простории, комуникации, сушалници, пералници и сл.) до моментот на започнување на работите;
- Барањата за реконструкција се однесуваат на постојниот објект како целина (не на поединечни влезови) – барањата за делумна реконструкција нема да бидат земени предвид;
- Предуслов за добивање финансиски средства е да се обезбеди правосилно РЕШЕНИЕ за реконструкција на фасада во согласност со законските прописи;
- Предмет на разгледување нема да бидат објекти кај кои во моментот на поднесување на пријавите е извршена делумна или целосна реконструкција на фасадата пред објавувањето на овој Јавен повик.

### Член 3

(1) Подносителот е должен кон пријавата да ја достави следната потребна документација:

- Пополнета **АПЛИКАЦИЈА** – образец (прилог 1), потпишана од подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици);
- Правосилно **РЕШЕНИЕ** за реконструкција на фасада;

- **ОДЛУКА** за реконструкција на фасадата на зградата, донесена од мнозинството сопственици на посебните делови кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот;
- **ИЗЈАВА** од подносителот, дадена под целосна материјална и кривична одговорност, со која се потврдува дека секој сопственик бил идентификуван лично и своерачно ја потпишал согласноста за финансиско учество; изјавата да биде заверена на нотар.
- **ОДЛУКА** за избор на претседател на заедницата на сопственици или ДОГОВОР за вршење управувачки услуги (доколку управувањето му е доверено на управител);
- **ИЗВОД** од Централен регистар на Република Северна Македонија за правно лице, не постар од шест (6) месеци;
- **ДОКАЗ** за старост на зградата, потврдено со: УВЕРЕНИЕ за историски преглед на извршените запишувања во КН, ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ за технички прием потпишан и заверен од овластено лице или ИЗЈАВА за старост на станбената зграда од подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици) заверена на нотар;
- **ИЗЈАВА** заверена на нотар:
  - дека нема протекување од кровниот покривач (дадена од управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици);
  - дека на зградата не се вршат градежни активности на надворешноста од објектот при аплицирањето дадена од подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици);
  - дека најмалку 70% од сопствениците на станови ја замениле или ќе ја заменат фасадната столарија (балконски врати и прозорци) до моментот на започнување на работите (дадена од управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици);
  - дека е заменета или ќе биде заменета фасадната столарија од заедничките простории до моментот на започнување на работите (дадена од управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици);
- **ИЗЈАВА** заверена на нотар од подносителот (дадена од управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици) дека не користел финансиски средства за иста намена од Буџетот на Општина ЦЕНТАР во изминатите јавни повици;

- **ИМОТНИ ЛИСТОВИ** за сите сопственици на посебни делови кои дале согласност (не постари од 6 месеци);
- **ДОГОВОР** со спецификација и цени склучен меѓу подносителот (дадена од управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици) со лиценца за изведувач, во кој ќе бидат утврдени роковите за изведба и висината на договорот со вклучен ДДВ. Договорот да биде заверен со архивски број на двете договорни страни;

- **ИЗЈАВА** од подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици), како доказ дека ќе биде обезбеден останатиот дел (50%) од средствата за реконструкција на фасадата;
- **ПОДАТОЦИ ОД СМЕТКА – КОПИЈА ОД ЖИРО СМЕТКА** од подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици) на која ќе исплати на надоместокот за реконструкција во висина од 50% од вкупната вредност (но не повеќе од 1.500.000,00 денари);
- **ФОТО - ДОКУМЕНТАЦИЈА** (фотографии од фасадата, заедничките простории, столаријата и сл.);

**Член 4**

(1) Постапката за субвенционирање ќе се одвива во 2 (две) фази и тоа:

**а) ПРВА ФАЗА - Комплетирање, верификација на документацијата и исплата на субвенција:**

- Комисијата ги разгледува пристигнатите пријави – апликации по редослед според датум и точно време на пристигнување;
- Комисијата изготвува ЗАПИСНИК за поднесени пријави – апликации согласно јавниот повик со ПРЕДЛОГ за усвојување на поднесените пријави – апликации;
- Градоначалникот донесеува РЕШЕНИЕ за усвојување на пријави – апликации и исплата на 50% од вкупниот износ на вредноста односно не повеќе од 1.500.000,00 денари за финансиска поддршка;
- Апликантите можат да ја започнат изведбата на работите по добивање известувањето за усвојување на пријавата - апликацијата;
- Работите за реконструкција на фасада треба да се изведат во рок од 3 (три) месеци од добиеното известување за усвојување на пријавата - апликацијата односно уплатата на средствата;

**б) ВТОРА ФАЗА - Извештај за технички прием и комплетирање на обврските за реконструкција:**

- Не подоцна од 15 дена по завршување на работите за реконструкција на фасада, подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот

- на заедницата на сопственици), задолжително да ја достави следнава документација:
  - ИЗВЕШТАЈ за технички прием (или завршен извештај за извршен надзор);
  - ЗАВРШНА СИТУАЦИЈА со спецификација (фактура во оригинален примерок заверена од изведувачот);
  - ДОКАЗ (образец/и или извод/и од сметка) за извршена уплата на целосниот износ на вредноста од договорот за реконструкција со цел на дознака согласно склучениот договор со носителот на работите за реконструкција на фасада;

  - ФОТОГРАФИИ од новата состојба на фасадата;
  - ИЗЈАВА заверена на нотар дадена од подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици), дадена под кривична и материјална одговорност, дека средствата од точка 2 од оваа алинеа целосно се искористени и во согласност со намената за која се дадени;

(2) Исплатата на средствата во висина од 50% од вкупниот износ на вредноста на договорот склучен помеѓу подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици) и правниот субјект со лиценца за изведувач, ќе се врши од денот на приемот на известување за усвојување на пријавата – апликацијата.

**(3) Сите вишоци и непредвидени работи кои ќе произлезат при реализацијата на фасадата ќе бидат на товар на заедницата, односно подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици).**
**(4) Доколку средствата не бидат целосно искористени, потребно е да се приложи известување со поврат на средствата на сметката на Општина Центар-Скопје.**

**Член 5**

(1) Исплатата на одобрените средства ќе се врши сукцесивно, по редоследот на пристигнати пријави, врз основа на РЕШЕНИЕ за усвојување на пријави – апликации и исплата од Градоначалникот на Општина ЦЕНТАР – Скопје на сметката на подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици).
(2) Во случај на неприфаќање на пријавата - апликацијата, подносителот ќе биде писмено известен.

**Член 6**

(1) Финансиските средства за реализација на проектот „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради" се предвидени и обезбедени со Буџетот на Општина ЦЕНТАР – Скопје.

(2) Со исцрпувањето на финансиските средства, Општина ЦЕНТАР – Скопје ќе го објави завршувањето на Јавниот повик преку својата веб-страна.

**Член 7**

(1) Заинтересираните заедници на сопственици поднесуваат пријава на образец кој може да го подигнат на пријавницата во барака 3, во Архивата на Општина ЦЕНТАР во барака 6 или на интернет-страницата www.centar.gov.mk.

(2) Пријавите и целата документација можат да се достават од денот на објавување на јавниот повик најдоцна до рок кој ќе се утврди во јавниот повик.

(3) Пријавите и другата документација, во затворен коверт, се доставуваат во:

- Архивата на Општина ЦЕНТАР – Скопје, на ул. „Михаил Цоков" бр. 1, Скопје, барака 6, адресирани до Комисија за реконструкција на фасади на колективни станбени згради, секој работен ден од 9:00 до 15:00 часот, или
- По пошта на адреса: ул. „Михаил Цоков" бр. 1, Скопје.

(4) На пликот треба да е наведено: „Јавен повик за финансиска поддршка за реконструкција на фасади на колективни станбени згради на подрачјето на Општина ЦЕНТАР – Скопје".

(5) Пријавите со нецелосна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

(6) Архивата на Општина ЦЕНТАР – Скопје ќе ги евидентира примените барања со точно време на поднесување (датум, час и минута) заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 8**

(1) По завршувањето на работите, заедницата на сопственици, односно управителот задолжително се обврзуваат на следното:

- Со користењето на субвенцијата за реконструкција на фасадата на станбениот објект - Сопствениците на станови да одобруваат анкетирање, енергетски контроли и промотивни активности на нивната зграда;
- Сопствениците на станови се обврзуваат да не вршат, ниту да овозможуваат на трети лица да вршат промени на надворешниот изглед на фасадата, поставување или замена на опрема, замена на фасадна столарија, градежни зафати или други интервенции во следните 5 (пет) години по техничкиот прием без писмена согласност освен неопходното тековно инвестициско одржување на објектот;
- Општината односно Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина води евиденција на

објектите опфатени со јавниот повик за субвенции, вклучувајќи датум на технички прием и основните услови на договорот, достапна за увид на заинтересираните страни.
- За време на периодот предвиден со став 1 алинеа 2, општината има право на увид и барање дополнителна документација;
- Во случај на утврдена повреда на обврските од став 1 алинеа 2 без писмена согласност од Општина ЦЕНТАР - Скопје, корисникот - подносителот (управителот на станбена зграда или претседателот на заедницата на сопственици) е должен да врати пропорционален дел од примената субвенција;
- Непочитувањето на одредбите може да претставува основа за побарување на штета и други правни мерки утврдени согласно закон.

## 3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4042/20
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Правилникот за реализација на проект „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради"**

Се објавува Правилникот за реализација на проект „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради",

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/23
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) и Програмата за здравствена и социјална заштита и заштита на децата на Општина Центар-Скопје за 2026 година, („Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр. 15/25) 110оветотн а Општина Центар-Скопје на 9. Седницата одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## за дополнување на Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за социјални услуги и сервиси за граѓаните на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Во Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за социјални услуги и сервиси за граѓаните на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр. 4/26), по членот 4 се додава нов член 4а кој гласи:

### „Член 4а

Доколку со објавениот Јавен повик наведен во член 4 не се исцрпат финансиските средства за предвидените услуги ќе се распише нов Јавен повик"

### Член 2

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4042/22
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план Градска четврт Ј 05-Барутана, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план Градска четврт Ј 05-Барутана, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година.

Бр. 09-4042/25
14.7.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје“ бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), член 27 став (4) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 101/25 и 127/25), Советот на Општина Центар-Скопје, на 9. седница, одржана на 30.6.2026 година и на 14.7.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план**
**Градска четврт Ј 05-Барутана, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план Градска четврт Ј 05 – Барутана, Општина Центар – Скопје, плански период 2025-2030, изработен од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје со тех.бр. 0801-565/24 од јуни 2026 година согласно со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 18/12), Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 225/20; 219/21; 104/22; 99/23; 7/25; 143/25; 241/25; 30/26 и 87/26).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план Градска четврт Ј 05 – Барутана, Општина Центар – Скопје, е со површина од 6,89 ха.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со следниве граници:

- Од север: по оска на Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница – Водно“ – профил според ГУП на град Скопје (2012-2022);
- Од исток: по оска на Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница – Водно“ – профил според ГУП на град Скопје (2012-2022);
- Од југ: по граница на плански опфат на ГУП на град Скопје (2012-2022) и
- Од запад: по оска на Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница – Водно“ и граница на плански опфат на ГУП на град Скопје (2012-2022).

**Член 3**

Нацрт-Детален урбанистички план Градска четврт Ј 05 – Барутана, Општина Центар – Скопје, содржи:

ОПШТ ДЕЛ
Регистрација
Лиценци и овластување на носителот на планска документација
**I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ........................................................................ 11**
1.Текстуален дел .......................................................................................................... 11
1.1. Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори ........................................................................................................ 12
1.2. Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој ......... 16
1.3. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина ....................................................................................................... 18
1.4. Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат .................................. 18
1.5. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат ................................................................................ 18
1.6. Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој ............................................................................................ 23
1.7. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат, со аналитички осврт на состојбите од соседните плански опфати .................................... 33
1.8. Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот ....... 33
2.Нумерички дел ............................................................................................................ 37
3. Графички дел ............................................................................................................. 40
- Извод од ГУП на Град Скопје.................................................................... М = 1:1000
- Збирен графички прилог од важечки урбанистичко плански документации.. М = 1:2000
- Збирен графички прилог од важечки урбанистичко проектни документации М = 1:2000
- Ажурирана геодетска подлога .............................................................. М = 1:1000
- Инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура, на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат........................................ М = 1:1000
- Инвентаризација и снимка на изградената комунална инфраструктура……… М = 1:1000
**II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ........................................................................ 53**
1.Текстуален дел .......................................................................................................... 53
1.1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период .............. 54
1.3. Стратешки определби што поризлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот .............................................
1.4. Цели на урбанистичкиот план ..................................................................................... 54
1.5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигнуваат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби ...................................................................... 54

1.6. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура ........................................... 56
1.7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план ....................................................................................................................... 72
1.8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање чиишто граници се утврдени со планот ............................................................................................................................ 81
1.9. Мерки за заштита и плански одредби ............................................................... 146
3.Нумерички дел .................................................................................................... 156
2.1 Нумерички показатели ........................................................................................ 157
2.2 Билансни показатели ......................................................................................... 158
*Демографски податоци блок Ј 05:* ..........................................................................
3.Графички дел ....................................................................................................... 162
- 1.План на намена на земјиштето и градбите М = 1:1000
- 2.Регулационен план М = 1:1000
- 3.План за парцелација и оформување на градежни парцели М = 1:1000
- 4.План на површини за градба М = 1:1000
- 5.Сообраќаен и нивелациски план М = 1:1000
- 6.Инфраструктурен план М = 1:1000
- 7.План на зеленило со диспозиција на ниско, средно и високо зеленило М = 1:1000
- 8.Синтезен план М = 1:1000
- 9.Синтезен план - инфраструктура М = 1:1000
**III. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ..................................... 163**

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје ќе организира јавна анкета и јавна презентација по Нацрт-Детален урбанистички план Градска четврт Ј 05 – Барутана, Општина Центар – Скопје, со утврдување на времето на траење и местото на одржување на јавната анкета, како и времето и местото на одржување на јавната презентација.
За Нацрт-Детален урбанистички план Градска четврт Ј 05 – Барутана, Општина Центар – Скопје извршена е Стручна ревизија со тех.бр.ПРР 001-01-26 од јуни 2026 година од Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје и е добиено Стручно мислење бр.09-2501/8 од 22.6.2026 година од Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Центар – Скопје со Решение бр.09-73/2 од 3.4.2026 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4042/24
14.7.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.